**Проф. д-р Гордан Калајџиев**[1]

# ЗА НЕКОИ АСПЕКТИ ОД ИНКРИМИНАЦИЈАТА НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

**1.03 Кратка научна статија**
**УДК 343.9.024:336.7]:343.3/.7(497.7)**
**УДК 343.9.024:336.7]:341.24**

**Апстракт**

Трудот ја анализира инкриминацијата на перењето пари во македонското кривично право, со фокус на клучните процесни и материјални прашања што произлегуваат од примената на членот 273 од Кривичниот законик. Посебно внимание се посветува на меѓународните стандарди, праговите (*threshold values*) и листите на предикативни кривични дела, како и на улогата на финансиското разузнавање и субјектите обврзани да пријавуваат сомнителни трансакции. Авторот укажува на тоа дека докажувањето на претходното (предикативно) дело е суштински услов за постоење перење пари и елаборира дека стандардот на „основано сомневање“, воведен во ставот 10 на членот 273, претставува отстапување од општите процесни правила, што отвора дилеми во однос на пресумпцијата на невиност, принципот *in dubio pro reo* и слободната оцена на доказите. Дополнително се разгледува разликата помеѓу конфискацијата и перењето пари, со нагласување на тоа дека не секоја трансформација на имотна корист претставува посебно кривично дело. Заклучокот ја нагласува потребата од поконзистентна законска формулација, внимателна примена во практиката и усогласување со меѓународните стандарди за да се избегнат погрешни интерпретации и прекумерно инкриминирање.

**Клучни зборови:** *перење пари, основано сомневање, финансиско разузнавање, конфискација.*

## Вовед

---

[1] Редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје“, gordankalajdziev@yahoo.com.

1. Перењето пари се актуализираше со порастот на транснационалниот организиран криминал. Идејата е во сузбивањето на лесната трансформација на нелегално стекнатата имотна корист во легалните бизниси и финансиското работење. Цел се првенствено сериозни дела и суми, каде што криминалот на перење пари е вид на бизнис. Во таа смисла, меѓународното и споредбеното право често перењето го ограничуваат на сериозни дела или износи, поставувајќи соодветен т.н. *threshold* (праг), како и со изготвување листи на предикативни казниви дела, главно сериозен криминалитет, како што е трговија со дроги, оружје и сл. Нашиот Кривичен законик нема таква листа на дела, но се подразбира дека станува збор за перење пари од сериозни кривични дела од сферата на организираниот криминалитет и високата корупција (нема перење пари од обична или ситна кражба).[2]

2. Во откривањето и гонењето на перењето пари под влијание на меѓународните инструменти е востановен еден цел нов систем на предистражна постапка во која се вклучени нови специјализирани органи за финансиско разузнавање, а се предвидени и специјални обврски за низа финансиски институции чија задача е да ги откриваат и да ги документираат сомнителните трансакции. Денес предистражната постапка за овие кривични дела значително се разликува од оперативните техники на државните органи што работат на класичниот криминалитет. Во таа смисла, и првичните сомневања за некои трансакции се обврска на низа финансиски и други институции, а врз основа на стандардизирани и објективизирани листи на индикатори востановени според препораките на ФАТФ. Управата за финансиско разузнавање (УФР) може да презeме низа мерки и активности за анализа на сомнителните трансакции, а презема и други поврзани активности во насока на спречување перење пари што се пропишани со ЗСППФТ и доставува извештај до надлежните државни органи секогаш кога постојат основи на сомневање за сторено кривично дело „Перење пари“.

3. За да постои делото „Перење пари“, мора да постои и претходно кривично дело од кое потекнува криминалниот износ што се пере. Македонија ги следи модерните трендови во меѓународните конвенции и предвидува, во случаи на неможност, предикативното дело да се гони и да се процесира поради процесни или правни пречки, делото да се утврдува

[2] Види: В. Камбовски/Н. Тупанчески, Посебен дел, Скопје, 2011, стр. 354–357.

(докажува) врз основа на фактичките околности на случајот, но важно мора да се докаже![3] Тоа значи дека делото не треба формално да се утврди со пресуда, но не значи дека воопшто не треба ни да се докажува. Напротив, тоа се „утврдува“, што ќе рече се докажува како релевантен факт врз основа на фактичките околности на случајот. Не е спорно дека за постоење перење пари мора прво да се докаже дека имотната корист настанала од предикативно кривично дело.[4] И додека Варшавската конвенција, како што видовме, не бара да се утврди од кое дело точно настанал криминалниот приход, нашиот законодавец решил тоа да биде утврдено најмалку на ниво на основано сомневање. Имено, ст. 10 на чл. од КЗ пропишува дека „основано сомневање“ се бара за тоа дека имотот е прибавен со кривично дело. Со оглед на тоа што Кривичниот законик не дефинира што е тоа основано сомневање, упатени сме на значењето на термините од ЗКП.

„Основано сомневање“ значи дека некој сторил кривично дело. Јавното обвинителство од разбирливи причини сака да прикаже дека овој стандард на докажаност е толку низок што речиси и нема потреба ништо да се докажува, односно дека повеќе или помалку е општопознато дека осомничените влегле во криминални активности и дека ги переле парите од криминалниот принос. Но, кривичната постапка се води токму затоа, со цел во постапка пропишана со закон да се утврди дали тоа е баш така како што тврди обвинителството. Со пропишување определени стандарди со кои мора да бидат утврдени

---

[3] Не е баш јасно што сакал законодавецот да постигне со ваквата формулација, со оглед на тоа што постоењето едно кривично дело секако „се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот“(?!). Не е јасно, прво, дали предикативното дело само не мора да биде утврдено со пресуда за самото дело, туку поради пречките само како факт, а со ист степен на докажаност „надвор од разумно сомневање“, или, пак, понискиот степен на докажаност што се бара за тоа дали имотот е прибавен со такво кривично дело да биде докажано на степен на „основано сомневање“? Законодавецот овде како да поставил двоен услов, иако одредбата главно се толкува упростено, во смисла на тоа дека предикативното дело всушност се докажува само на ниво на *основано сомневање*. Згора на ова, обвинителот си дава слобода да не го докажува ниту ова, поаѓајќи од тоа дека тој степен на сомневање е решена работа со самото отворање на истрагата. Меѓународните инструменти не само што не помагаат многу во толкувањето на одредбата, туку внесуваат дополнителни нејасности и контроверзии. На прв поглед, тие очигледно се на линија на олеснување на товарот на докажување за државата, а во интерес на ефикасен прогон за случаите на перење пари, сугерирајќи државите да овозможат казнување за перење пари без да мора секогаш да се докаже од кое кривично дело точно потекнува криминалниот принос, но мора да се докаже дека е од криминална активност! Види: Council of Europe Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime, and on the Financing of Terrorism, Council of Europe, 2005 (Варшавска конвенција). Ова, секако, е многу контроверзно, со оглед на тоа што е невозможно со сигурност да се утврди дека некој принос е криминален без да се утврди од кој криминал потекнува! Сакајќи да најде компромис за тоа како ова проблематично барање на конвенцијата да се усогласи со принципите на домашното казнено право, законодавецот се обидел некако да се снајде со повикувањето на „основано сомневање“. Под процесни пречки, инаку, главно се наведуваат: застареност, амнестија и помилување, а под фактички: смрт или недостапност.

[4] Види: К. Турковиќ и др., op. cit., стр. 340.

фактите, впрочем се остварува заштитната функција на кривичната постапка бидејќи се оневозможува неосновано зафаќање во правата на поединецот. ЗКП (и КЗ) не пропишува точно кој вид или количество докази се потребни за судот да ги утврди фактите, но предвидува определени критериуми за степенот на убеденост на судот или другите органи на постапката за постоење на фактите врз кои мора да бидат засновани определени важни одлуки во постапката.

Нашата теорија и практика и досега имаше искуство со ваквите критериуми претставени низ отворени правни стандарди чиј опсег се определуваше во теоријата и практиката на казненото право. „Основаното сомневање“ дека некое лице сторило кривично дело означува определен степен на извесност во утврдувањето на постоењето на правно релевантните факти. Станува збор за стандард што на граѓаните ќе им гарантира дека психолошката оцена со која се доаѓа до тоа сознание ќе биде заснована врз објективни и проверливи критериуми. Квантифицирано ова би значело степен на извесност што може да се опише како повеќе од 50 % (50+), односно веројатноста дека осомничениот го сторил делото да биде поголема од спротивната веројатност дека тој не го сторил делото што му се става на товар, но квалитативната разлика помеѓу овој степен на веројатност (сомнение) и пониският степен на „основи на сомневање“ е во постоењето конкретни докази врз кои се заснова ваквото сомневање.[5] Во таа смисла, „основи на сомневање“ е помалку изискателен стандард бидејќи може да се востанови не само со помал квантитет на информации, туку и со информации што не се толку веродостојни.

Значи, Кривичниот законик и меѓународните конвенции поаѓаат од тоа дека предикативното дело мора да се докаже исто како и перењето пари. Впрочем, најсложениот проблем кај кривичното дело „Перење пари“ е утврдувањето на претходно сторенoто дело со кое е остварен криминалниот принос што е објект кај перењето пари, бидејќи без докажување на тоа дело не е остварено ниту законското битие на делото „Перење пари“.[6] По правило, нашиот ЗКП бара кривичното дело да биде докажано надвор од разумно сомневање, што би значело дека нема никакво друго логично објаснување, освен заклучокот дека делото навистина е сторено од страна на лицето што е осомничено. Но,

---

[5] Види: D. Krapac, *Kazneno procesno pravo,* Zagreb, стр. 63; R. V del Carmen, Criminal Procedure, 7$^{th}$ ed., Thompson, 2007, стр. 73–94.

[6] Види: В. Камбовски, Н. Тупанчески, Посебен дел, стр. 357.

познато е дека кривично правно процесниот стандард за докажување надвор од разумно сомневање е прилично висок поради што нашиот законодавец се решил донекаде да го „олесни“ докажувањето на кривичното дело „Перење пари“ преку воведување две посебни доказни правила (ст. 10 и 11 на чл. 273 од КЗ), инспирирани од меѓународните конвенции.[7] За нас е многу важна одредбата од ставот 10 на чл. 273 што упатува на стандардот „основано сомневање“ како доволна за докажување на предикативното дело во случаи на пречки за негово гонење.

Доколку постојат фактички или правни пречки за утврдување на предикативното дело и кривично гонење на неговиот сторител, неговото постоење се утврдува врз основа на *фактичките околности на случајот* и постоењето *основано сомневање* дека имотот е прибавен со такво дело. Олеснувањето на одговорноста при постоење фактички или правни пречки за утврдување на предикативното кривично дело подразбира постоење реални пречки поради кои државните органи не можеле да гонат, како што се, на пример, смрт на сторителот, застареност на гонењето, помилување или амнестија и слично.

Покрај тоа, внесувањето доказни правила во Кривичниот законик (КЗ) е многу проблематично особено ако тие отстапуваат од принципите на ЗКП, каде што покрај принципот на пресумпција на невиност важи и принципот на *in dubio pro reo*, што значи дека доколку постојат сомненија за фактите во врска со казнената одговорност, тие треба да се толкуваат во корист на обвинетиот (чл. 4, Начела на ЗКП). Слично на ова, нашето казнено процесно право силно стои на принципот на слободна оцена на доказите, што е во начелна спротивност со однапред определените правила на докажување (чл. 16, Начела на ЗКП).

4. Одземање (конфискација) на имотната корист (криминалниот принос) наспроти перење пари. Во некои случаи се заматува фактот за тоа од каде потекнува наводно нелегалниот имот! Не се прави разлика помеѓу одземање (конфискација) имот стекнат со кривично дело и перењето пари! Според опишаното во списите на Јавното обвинителство, идејата е очигледно да се одземе прибавената имотна корист од предикативното дело (сега можеби е застарено), па целата работа се спинува како приход од некакво перење пари согласно чл. 273 ст. 5 од КЗ, со привид дека наводно некаков нелегален имот е стекнат со

---

[7] Види: В. Камбовски/Н. Тупанчески, стр. 357; В. Камбовски, Коментар, стр. 997.

перењето, а не со предикативното дело, која, за несреќа на Јавното обвинителство, ете, застарела! Спорно е дали перењето пари може да има сопствен (дополнителен) криминален приход или, пак, приходот од предикативното дело само се прикрива со перењето![8] Според оваа логика, за секое дело со кое е прибавена имотна корист ќе треба да има стек со перење пари, од каде што следува прашањето зошто тогаш во законодавството се предвидени одземањето на предметите и конфискацијата!?

5. Може да се заклучи дека постоечката инкриминација од чл. 273 е недоволно концизна, што бара посебно внимание при нејзината примена. Ставовите 10 и 11 не предвидуваат посебни облици на кривичното дело и на некој начин тие се инструктивни ставови – и тоа од процесна природа – во насока на начинот на утврдување постоење на предикативното дело и гонење на неговиот сторител.[9] Обвинителството треба да внимава и да гони само за значителни суми, и тоа за дела од организиран криминал востановени на листите во меѓународното и компаративното право.

За волја на вистината, уставноста на овие одредби е сериозно доведена под знак прашање, првенствено затоа што, во суштина, се повредува пресумпцијата на невиност како основно уставно начело и општоприфатен меѓународен стандард. Токму затоа, Варшавската конвенција препорачува своевидно олеснување на докажувањето кај перењето пари, но под услов ова да биде во согласност со принципите на домашното право. Дополнително, повреда на Уставот е направена и со тоа што одредби од процесна природа се протнати во КЗ, иако за законите со кои се уредува постапката пред судовите се бара двотретинско мнозинство.

6. Заклучок

Кривичното дело „Перење пари и други приноси од казниво дело" од членот 273 од КЗ, согласно нашето законодавство, претставува посебна инкриминација, но тоа е нераскинливо од предикативното кривично дело од кое потекнува криминалниот приход

---

[8] Целта на кривичното дело „Перење пари" е да спречи нелегалната добивка од претходно кривично дело да се претвори во привидно легална (П. Новоселац, Uvod u gospodarsko kazneno pravo, Zagreb, 2009, стр. 186). Во теоријата е спорно дали перењето пари може да создава дополнителна криминална добивка (принос). Напротив, практиката јасно покажува дека при перењето пари често се жртвува (губи) дел од криминалната добивка, само за да се прикрие криминалното потекло на парите.
[9] Исто, стр. 166.

што се прикрива (пере), во смисла на тоа дека ако нема утврдено такво друго претходно дело, не е исполнето законското битие на делото „Перење пари“.

Предикативното дело мора да се докаже, иако за тоа дело, сторителот не мора секогаш да биде и осуден – ако имало фактички или правни пречки за негово гонење. За докажувањето на претходното дело и за тоа дека парите се од кривично дело без посебна постапка кога за тоа постојат формални или правни пречки, ст. 10 на чл. 273 од КЗ навистина предвидува понизок стандард, основано сомневање, но и тоа треба да се докаже, а ЈО како да го претпоставува како нешто нотроно!? Како што видовме, се бара т.н. претежност на докази дека конкретен сторител сторил конкретно кривично дело (стандард повисок од оној што го сугерира Варшавската конвенција).

Олеснувањето да се докаже криминалното потекло на парите само на ниво на *основано сомнение* од ст. 10 на чл. 273 од КЗ е од процесна природа и не му е местото во КЗ, особено што закон со кој се уредува постапката пред судовите се носи со двотретинско мнозинство и е во спротивност со начелата на пресумпција на невиност, принципот *in dubio pro reo* и на слободна оцена на доказите.

Согласно нашето законодавство, понекогаш се чини дека е доволна евентуална умисла, но според меѓународното и споредбеното право, јасно се бара и намера за прикривање на криминалните приноси. Сепак, според ст. 5, кој предвидува одговорност за дејствување во група, јасно се бара групата да се здружила поради перење пари.

Не треба да се меша имотната корист што се одзема, односно што се конфискува согласно чл. 96к, чл. 97-100 од КЗ и перењето пари. Секое трошење на парите не е посебно кривично дело, како што тоа зачестено го толкува Јавното обвинителство. Ниту секое трансформирање на имотната корист не е перење пари (чл. 97а од КЗ). Никаде во КЗ не се предвидува одземање на целиот имот на обвинетите, туку само во висина на имотната корист.

Конечно, уставноста на овие одредби е сериозно доведена под знак прашање, затоа што се повредува пресумпцијата на невиност како основно уставно начело и општоприфатен меѓународен стандард. Дополнително, повреда на Уставот е направена и со тоа што одредби од процесна природа се внесени во КЗ, а за законите со кои се уредува постапката пред судовите се бара двотретинско мнозинство.

**Користена литература:**

Бораниева, Ангела, Финансиски истраги, магистерски труд на Правниот факултет во Скопје, ментор проф. д-р Г. Калајџиев, Скопје, 2020.

Калајџиев, Гордан, Правните предизвици пред Специјалното јавно обвинителство, Скопје ФИОМ, 2018.

Камбовски, Владо, Казнено право – Општ дел, Култура, Скопје, 2005.

Камбовски, Владо, Казнено право – Посебен дел, Просветно дело АД, Скопје, 2003 (стр. 365).

Камбовски, Владо, Коментар на Кривичниот законик на Р. Македонија, Второ издание, Матица, Скопје, 2015.

Камбовски, Владо, Организиран криминал, 2-ри Август – Штип, Скопје, 2005.

Камбовски, Владо, Тупанчески, Никола, Казнено право – Посебен дел, Просветно дело, Скопје, 2011 (стр. 354–358).

Тупанчески, Никола. Економско казнено право, Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“, 2015.

Штерјева Шапчевски, Ирина, Современите тенденции во превенирањето и спречувањето на перењето пари, Докторска дисертација на Правниот факултет во Скопје, ментор проф. д-р Н. Тупанчески, Скопје, 2020.

Ignjatovic, Dorde, Metodolgija istrazivanja kriminaliteta, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2013.

Iljkić, Davor, Pranje novca u domaćem i stranom zakonodavstvu, fip/Volume 3/Number 1/Zagreb 2015.

Jovašević, Dragan, Pranje novca u srpskom i uporednom krivičnom pravu, Finansijski kriminalitetInstitut za uporedno pravo /Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Zrenjanin, 2018.

L. Cvitanović, D. Derenčinović, K. Turković, M. Vajda, M. Dragičević Prtenjača, A. Maršavelski, S. Roksandić Vidlička, Kazneno pravo, Posebni dio, PFZ, 2018.

Novoselac, Petar, Uvod u gospodarsko kazneno pravo, Zagreb, 2009, 186.

Turkovic, Ksenija/Marsavelski, Aleksandar (Ur.), Komentar Kaznenog zakona, Narodne novine, Zagreb 2013.

Међународни документи:

Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime, Council of Europe, 1990.

Council Decision 2007/845/JHA, The Council of The European Union, 2007.

Council Framework Decision 2003/577/JHA of 22 July 2003 on the execution in the European Union of orders freezing property or evidence, The Council of the European Union, 2003.

Council Framework Decision 2005/212/JHA of 24 February 2005 on Confiscation of Crime-Related Proceeds, Instrumentalities and Property, The Council of the European Union, 2005.

Council Framework Decision 2006/783/JHA of 6 October 2006 on the application of the principle of mutual recognition to confiscation orders, The Council of the European Union, 2006.

Council Framework Decision of 26 June 2001 on money laundering, the identification, tracing, freezing, seizing a confiscation of instrumentalities and the proceeds of crime (2001/500/JHA), The Council of the European Union, 2001.

Council of Europe Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime, and on the Financing of Terrorism, Council of Europe, 2005 (Варшавска конвенција).

Directive 2014/42/EU of the European Parliament and of the Council of 3 April 2014 on the freezing and confiscation of instrumentalities and proceeds of crime in the European Union, The European Parliament and the Council of the European Union, 2014.

European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters, Council of Europe,1959.

International Standards on Combating Money Laundering and the Financing of Terrorism & Proliferation The FATF recommendations, Financial action task force, 2012.

United Nations Convention Against Illicit Traffic in Narcotic Drugs and Psychotropic Substances, 1988.

United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, 2000.

United Nations Convention against Corruption, 2003.

Законски и подзаконски акти:

Закон за банките, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07.

Закон за јавно обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, „Службен весник“ бр. 159/2015.

Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010.

Закон за полиција, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/2006.

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019.

Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2018.

Закон за управата за јавни приходи, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014.

Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008.

Закон за финансиската полиција, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2014.

Закон за царинска управа, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2004.

Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96 – 226/15.

**Prof. Dr. Gordan Kalajdžiev**[10]

## ON CERTAIN ASPECTS OF THE CRIMINALISATION OF MONEY LAUNDERING

**Abstract**

This paper examines the criminalisation of money laundering in Macedonian criminal law, focusing on the key procedural and substantive issues arising from the application of Article 273 of the Criminal Code. Special attention is given to international standards, threshold values, and lists of predicate offences, as well as the role of financial intelligence and the entities obliged to report suspicious transactions. The author emphasises that proving the prior (predicate) offence is an essential requirement for the existence of money laundering and explains that the evidentiary standard of "reasonable suspicion," introduced in paragraph 10 of Article 273, represents a deviation from the general procedural rules, raising concerns regarding the presumption of innocence, the principle of *in dubio pro reo*, and the free assessment of evidence. The paper also discusses the distinction between confiscation and money laundering, noting that not every transformation of illicit proceeds constitutes a separate criminal offence. The conclusion highlights the need for more consistent legislative formulation, careful application in practice, and alignment with international standards in order to avoid misinterpretations and excessive criminalisation.

**Keywords:** *Money laundering; reasonable suspicion; financial intelligence; confiscation.*

---

[10] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Crminal Law.